МИЛАН ИВАНОВСКИ
Републички завод за заштита
на спомениците на културата
Скопје

УДК 904 — 03 (497.17)

# ЕДЕН ДОЦНОАНТИЧЕН ГРОБ ОД ТАРАНЕШ

Апстракт: На археолошкиот локалитет „Таранеш" кој се наоѓа на источната периферија на Селокуќи, дебарско, на една флувијална тераса која се издига помеѓу Црни Дрим и Поповска река, откриен е гроб во форма на правоаголна циста. Врз основа на откриениот археолошки материјал гробот се датира во првата половина на IV век од н.е. Хомогеноста на гробниот инвентар укажува на висока положба на инхумираниот покојник. Пунктот на кој е откриен овој гроб, би можел да се смета за табулариум.

Гробови од овој тип претставуваат вообичаена појава на римските некрополи во балканските провинции и хронолошки се определуваат од средината на III до првите децении на IV век.

Инвентарот на гробот од Таранеш го сочинуваат:

1. Крстовидна фибула со луковичести глави, масивно лиена од сурово злато. Од двете страни на лакот се наоѓа гравиран натпис во ниело техника: IOVI AVG(VSTE) VINCAS и IOVI CAES(AR) VIVAS. Голема е 10,4 = 7,4 см, тешка 160,8 гр. Т. II, 1.

2. Кана изработена од сребрен лим. Висина 26,3 см, тежина 639,0 гр. Т. III, 1.

3. Сребрена чинија со позлата. Пречник на венецот 45,5 см, сочувана тежина 1.701,5 гр. Т. IV, 1.

4. Сребрена мамуза со позлата. Растојанието меѓу краковите изнесува 8,0 см, тежина 28.0 гр. Т. V, 2.

5. Сребрена тока со позлата. Голема е 2,7 = 1,6 см, тешка 6,70 гр. Т. V, 5.

6. Сребрена алка со позлата, во форма на прстен перфорирана по должина. Пречник 2,4 см, тежина 6,70 гр. Т. V, 4.

7. Рачка од бронза. Растојанието меѓу краковите изнесува 5,0 см Т. V. 6.

8. Рачка од сребрена панделка. Должина 4,6 см, тежина 9,0 гр. Т. V, 3.

9. Прибор за пишување од брозна. Приборот го сочинуваат: цилиндричен тубус за чување на стилосот и свитокот (долг 19,1 см, пречник на капакот 2,7 цм), цилиндрична мастилница за чување на прашакот за мастило (долга 7,2 см, пречник на капакот 3,7 см[2], синџир во форма на редуциран Хераклов јазол, Т. VI, 1.

10. Стило од бронза, фрагментирано, најдено прилепено во внатрешноста на тубусот. На стилото се распознава врвот за пишување. Сочувана должина 8,7 см. Т. VI, 2.

11. Палимпсест, излиен од едно парче сребро. Должина 12,4 см, тежина 7,5 гр. Т. IV, 3.

12. Лажиче од сребро, со крушковиден реципиент. Должина 17,0 см, тежина 29,0 гр. Т. V, 1.

13. Стаклена чаша — диатрета, фрагментирана. Чашата ја сочинуваат: ѕвонест пехар од белузлаво провидно стакло, мрежест дел од малахитно зелено стакло, крагна во форма на чешлест орнамент од кафеавоумбра стакло и букви од малахитно зелено стакло. Во првиот ред се наоѓаат 12 овоидни петелки (3,2 = 2,0 см) додека во вториот се 6 кружни петелки (3,2 = 2,9 см). Како основа на чашата служи шестолисна розета. Сочувана височина 9,2 см, пречник на основата 2,8 см. Т. III, 2.

14. Вретенести фиоли од зеленикаво провидно стакло. Најдени се 2, должината им се движи од 48,0—48,7 см. Т. III, 2 и 3.

15. Стаклен сад од кафеаво-умбра стакло, фрагментиран, кој ја подржува формата на школка. Изработката е квалитетна. Сличен наод има во гроб 38 од некрополата на Интерциса[1].

16. Комплет за игра. Тој се состои од 14 жетони-калкули од коска високи од 1,2—1,6 см, 2 цилиндрични футроли од коска високи 9,0 см и еден капак од коска со пречник 1,7 см. Т. VII, 1 и 2.

17. Железна секира. Големина 12,0 = 15,0 см. Т. VI, 4.

18. Железно длето. Големина 12,5 = 3,6 см. Т. VI. 5

*Фибулите* од оваа стилско типолошка концепција припаѓаат на тип 3 варијанта „С" по класификацијата на Е Келер[2], Хронолошката детерминација која ја претполага Е Келер ги потврдуваат и наодите од територијата на СР Македонија: Скупи[3], Зајас[4], Драчево[5], Добри Дол[6]. Поблиска аналогија на нашиот примерок по квалитетот на изработката и сакралниот карактер има примерокот од Рамниште[7]. Значајот на фибулата од Таранеш е нагласен со нејзиниот институционален карактер, на што укажу ва нејзината тежина, која метролошки одговара на 1/2 либра = 1 семис, и натписот кој е многу индикативен[8].

[1] E. B. Vágò — I. Bona, *Die gräberfalyer von Intercisa*, Budapest 1976, 24. Заедно со монети на Константин II ковање 321,333, Хелен 326/328 и Константинополис 3330/333.

[2] E. Keller, *Die Späträmischen grabfunde in Südbayern*, Münchener Beiträge zur Vor — und Frühgeschichte, Band 14, München 1971, 37.

[3] И. Микулчиќ, *Доцноримски гробови од Скупи*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет кн. 26, Скопје 1974, гроб 200, сл. 26.

[4] В. Битракова, *Римски гроб од Зајас*, Зборник на Археолошкиот музеј кн. IV—V (1961—66), Скопје, 1966, 96, сл. 4.

[5] Б. Јосифовска, *Два позноримска гроба из Драчева*, Жива Антика VI 2, Скопје 1956, 288, сл. 6 и 7.

[6] Д. Вучковић-Тодоровић, *Римски двојни гроб из Доброг Дола код Скопља*, Старинар VII—VIII,1956—1957, Београд 1958, 295—296, сл. 10.

[7] Завод за заштита на спомениците на културата на град Скопје 1963—1983, Скопје 1983, сл. 49. Фибулата е со големина 8,6 × 5,4 см. Од двете страни на лакот се наоѓа натпис, поставен во плитко врежано поле, во ниело техника: VIVAS MVLTIS; QVE ANNISS. Типот на буквите е сличен. Т. II, 2.

[8] Текстот IOVI AVG(VSTE) VINCAS даден е во заповеден конјунктив

Како во натписот не се спомнува името на августот односно цезарот, не е можна точна интерпретација на времето и поводот на постанокот на оваа фибула. Може да се помисли на Диоклетијан и Галериј, меѓутоа стилско-типолошките одлики на фибулата укажуваат на подоцнежно време кога Галериј станал август по абдикацијата на Диоклетијан, па затоа побргу може да се постави хипотезата дека оваа фибула се однесува на времето на Ликиниј, I и неговиот син Ликиниј II. Индиции во тој правец, покрај хронолошко-типолошкото одредување на фибулата, пружаат и слични натписи на други објекти. Ги имаме предвид натписите на монетите[9] и чиниите[10] ковани по повод петгодишнината од владеењето на Ликиниј II Ликиниј I бил август од 308—324 год Ликиниј II е роден во јули/август 315 За цезар бил прогласен на 1 март 317 год , па според тоа петгодишнината од неговото владеење се паѓа на 1 март 322 год Можно е, фибулата да е дадена како одличје на магистрат по повод петгодишнината од владеењето на Ликиниј II во услови на подготовки за решителен судир со Константин I.

Званичниот карактер на овој објект и неговата дефинирана метролошка вредност, укажуваат на работилница на некоја од метрополите на источниот дел од царството, кои ковале и монети, Можно е дека фибулата настанала во Тесалоники, Никомидија, Кизик. Не е исклучена можноста дека оовј објект настанал во Наисус, ако се има пред вид дека во тој период се ковале чинии во чест на Ликиниј по повод деценалиите. Но засега не би се одлучиле за некој од овие производни пунктови.

*Канатa*, најдена во гробот од Таранеш, по начинот на обработката и третирањето на деталјите од декоративниот опус не покажува висок квалитет (како сребрената чинија од овој гроб) Се добива впечаток дека се работи за локална реплика по некој квалитетен примерок. Примарниот поттик за постанокот на оваа форма можеби треба да се бара во производните пунктови на северниот брег од Црното Море, и во таа смисла можно е да се објасни сличноста на нашиот примерок со примерокот од Керч[11]. Меѓутоа, сметаме дека е позначајна непосредната сличност која нашиот примерок ја покажува со керамичните форми од иста тектоника од доцноантичката некропола на Скупи[12] како и Ја-

[9] RIC VII, No 681, Антиохија и Никомидија за 312/322 (на аверсот LICINVIS AVG OB D(IEM) V FILII SVI, а на реверсот IOVI CONSERVATORI CAES/SIC V-SIC). Слична идеја за заедништвото на владеењето на Ликиниј I и Ликиниј II одразува и една мултипла кована во Никомендија 320 година RIC VII, No 605 на чиј аверс е DD NN LICINIVIS PF AVG ET LICINIVIS CAE SAR, а на реверсот IOVI CONSERVATORI LICINORVM AVG ET CAES.

[10] Чинија, со натпис, посветена на Ликиниј II од Минхенскиот трезор.

[11] В. В. Кропоткин, *Римские импортные изделия в Восточной Европе*, Археология СССР, САИ Д 1—27, Москва 1970, 87 (со наведена постара литература).

[12] И. Микулчиќ, op. cit., сл. 74—гроб 90, сл. 75—гроб 11.

годин Маала[13]. Керамичките форми кои го подржуваат металниот пример во сите поединости, дури и во металниот сјај, се датирани на некрополата од Скупи во првата половина на IV век, што е синхроно со примерокот од Таранеш.

На *сребренаūа чинија* има две декоративни зони, едната на венецот додека другата е на дното од чинијата. Декорацијата на венецот е расчленета во рамки на 8 сегменти, кои се лимитирани со кружни медалјони со шематизирани машки портрети дадени во 3/4 профил на десно. Просторот меѓу медалјоните исполнет е со мотив на винова лоза и мотив на Хераклов јазел кој е богато декориран (се препознава по конструктивната шема).

Орнаменталната содржина на дното е многу богата и составена е од бројни комбинации од следниве елементи: квадрати, октаедри, ромбови, розети. Исти такви орнаментални мотиви во слични комбинации се среќаваат и на доцноантичните мозаици на Стоби[14], Хераклеја[15], Медиана[16] што е доказ за единствена стилска декоративна одлика на тоа време.

Секако најзанимлив дел од оваа чинија се медалјоните со приказ на портрети. Без оглед на стилизацијата на портретите и невозможноста за нивна поблиска диференцијација во иконографски поглед, сметаме дека по општата идеја овие портрети можат да се поврзат со портретите на медалјоните кај фибулите[17], мозаиците[18], керамичките чинии од Константиновата и постконстан тиновата епоха[19]. Во таа смисла посебно би инсистирале на фибулите со 8 ликови, каде, исто така, нема диференцијација на ликовите во поглед на конкретна иконографија, но јасно се уочува идејата за величање на царскиот дом. Не сме во можност да оцениме колку е оваа идеја во својата примарна верзија присутна на нашиот примерок, или единствено е преземена како декоративен манир. Меѓутоа, сигурно е дека основната орнаментална концепција води потекло од слични конципирани објекти на Константиновата епоха. Но, не е исклучена и можноста да се размислува во контекст на една интегрална целина со фибулата од овој гроб.

[13] П. Петровић, *Ниш у аūтичко доба, Ниш* 1976, 130.; Р. Ајдић, *Аūтичке некроūолеу Нишу,* Нишки зборник 1, Ниш 1976, 12, инв. бр. 170/В.

[14] Сличности со подниот опус сектиле во Теодосијанската палата — западна просторија како и со мозаикот на презвитериумот од Епископската базилика I. Преземено ое Извештаите од ископувањето во Епископската базилика.

[15] Г. Цветковић-Томашевић, *Хераклеја Линкесūис,* Битола 1973, сл. 14 и 15, со мозаикот на подот од ексонартексот на Малата базилика.

[16] П. Петровић, *Медиана,* Народни музеј Ниш. Со мозаикот на термите.

[17] Т. Иванов, *Образи на Консūанūин* I *и синовеūе му върху луковични фибули оū Българиjа,* Археология кн. 4, БАН, София 1974, 9 с.; S. Petru— P. Petru, *Neviodunum* (Drnovo pri Krškem), Ljubljana 1978, T. IV, 3; А. Јовановић, *О ūроблему фибула са ūорūреūима,* Зборник Филозофског факултета, књ. XIII—1 Београд 1976, 44 с.

[18] Т. Иванов, *op. cit.*, сл. 16 и 17 (мозаик од Аквилеја).

[19] На пример чинијата од Картагина. в. J. W. Solomonson, *Late Roman Earthenwere with Relief Decoration found in Northern-Africa and Egypt,* Leiden XLIII 1962, 53. s.

Имено, и покрај големиот степен на шематизацијата на ликовите која не дозволува поблиска идентификација во иконографски поглед, како ни во поглед на староснниот период на прикажаните ликови, но имајќи пред вид дека еден лик осум пати се јавува упатува на идејата да се прикаже ликот на Ликиниј пред неговиот одлучен судир со Константин I. Во поглед на провиненција, врз основа на општите стилско-типолошки структури, изгледа дека источните производни центри се можен производен пункт.

Во контекст на една интегрална целина како опрема на чизма би припаѓала *мамузата*, *токата* и *алката* во форма на прстен. *Мамузата* припаѓа на типот римски провинциски мамузи, коишто од Е. Келер општо се датирани во доцното римско време[20]. На нашиот примерок најблиски аналогии наоѓаме кај оние од Бад Рајхенхал (гроб 294)[21], Мошонсентмиклош+Јоношхазопусто (гроб 28)[22] и Дробета[23], кои се датираат во раниот IV век. На нашиот простор најблиска аналогија во хронолошки и типолошки поглед е примерокот од Марвинци[24]. Декорацијата на мамузата, („с" мотив-редуцирана розета[25]), покажува сличности со декорацијата на стопата од фибулата. Необичниот карактер на овој наод во гробот од Таранеш, бидејќи не е носена во рамките на еден претпоставен модел, можеби по принципот на идејата (pars pro toto)- претставува симбол на магистрат од витешкиот ред. Кај *токата*, делот за фиксирање на ременот е решен во форма на стилизирана змиска глава и многу личи на проширувањето (краевите) за аплицирање на мамузата.

По сличен принцип на единството на декоративниот опус, на овој комплекс би припаѓала и *алката во форма на прстен*, со проширена глава перфорирана по вертикала. Имено, декорацијата на главата се совпаѓа со декорацијата која се јавува на надворешните кракови од мамузата. Засега поблиска функционална детерминација на овој објект не можеме да дадеме. Стилското единство го индицира и функционалното единство на овие објекти, па затоа претпоставуваме дека се работи за делови од опрема на чизма.

Што се однесува до *бронзената рачка*, сличен објект функционално недефиниран, со напомена дека можеби се работи за дел од коњска опрема, е најден во рамките на оставата од Нова Божурна[26].

[20] E. Keller, *op. cit.*, 80.

[21] *Ibid.*

[22] *Ibid.*

[23] D. Tudor, *Drobeta*, Turnu Severin 1976, 127, T. V., 5.

[24] Необјавено. Пронајдена во Сектор VI-јужна некропола во близина на гроб 52. Податоците добиени со љубезност на В. Сколовска, кустос-советник при Археолошкиот музеј на Македонија — Скопје, за што на ова место ѝ се заблагодарувам.

[25] Овој орнамент е многу чест на накитот од доцната антика. Настанал со редукција на орнаментот розета, в. М. Татић-Ђурић, *збирка фибула и апликација са емајлом*, Зборник Музеја примењене уметности 14, Београд 1970, 81 s.

[26] A. Jovanović, *Nakit u Rimskoj Dardaniji*, Dissertationes oget Monraphie, Tome XXI, Beograd 1978, 78 (kat. br. 10, sl. 164).

Секако дека внимание привлекува и *приборот за пишување*. Ваков вид на наод во гроб е можен доказ за занимањето на покојникот. Веројатно е дека се работи за нотариус, кој припаѓал на повисокиот сталеж во рамките на социјалната хиерархија на доцноантичкото општество[27]. Елементи на ваков прибор за пишување се наоѓани и во доцноантичките некрополи на нашата територија: Дукља[28], Јагодин Маала[2], Рамниште[30], но не во еден интегрален комплекс.

Во рамките на оваа интегрална целина би припаѓал и *палимпсестот*, кој пред сè служел како инструмент за радирање на веќе напишаниот текст. Задниот дел е решен во форма на ункус, кој можеби служел за дробење и мешање на прашокот за добивање мастило, а воедно и како мерка за одредување на дозата. Едноставната форма одговара на примарната потреба, а за лесно одржување. Рачката е така прилагодена да овозможува лесно држење меѓу трите прста.

*Лажичињата* како прилози во гробови од доцноантичките некрополи кај нас не се толку чести. На нашиот примерок најблиска аналогија среќаваме кај двата наода од Пештерица[31], каде реципиентите се листести. Во контекст на целиот наод нејзината функционална содржина можеби е инаква. Имено, можно е задниот дел-рачката да служела како стило, а реципиентот како параметар-дозиметар за мешање на прашокот и водата да би се добило мастило. Аналогии за формата на овој предмет се бројни низ целото царство и главно се датираат во IV век[32].

Најзначајно откритие во гробот од Таранеш, без сомнение, е *диатретата* која претставува права реткост. Диатретите се делат во две основни груп: диатрети со фигурален украс и диатрети со мрежест дел. Втората група е хомогена со 4 основни типа[33]. Диатретата од Таранеш припаѓа на ткн. „Голем Келнски тип“, најбогато декорирани чаши. Ова откритие не само што го зголемува бројот на овие ретки чаши, туку го документира нивното ширење на пошироки региони. Диатретата од Таранеш е прв пример од овој тип стаклени чаши пронајдени во СР Македонија, додека со оние откриени во Дарувар[34] и Комини[35] е третиот при-

---

[27] A. M. Jones, *The Decline of the Ancient world*, London 1966, 197.

[28] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић-Жижић, Д. Срејовић, *Антична Дукља*, некрополе, Цетиње 1975, гроб 21, 105А и 284.

[29] Љ. Зотовић — Н. Петровић, *Касноантичка некропола у Јагодин Мали у Нишу*, Народни музеј, Ниш 1978, 7.

[30] Необјавено. Материјалот од ископувањата се наоѓа во Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје.

[31] К. Кепески, *Северозападна некропола во Пештерица*, Macedoniae Acta Archaeologica 2, Прилеп 1976, 212.

[32] J. P. C. Kent — K. S. Painter, *Wealth of the Roman world ad* 300..700, London, 39.

[33] D. B. Harden — J. M. C. Toynbee, *The Rothshild Lycurgus Cup*, Archaeologia 197, London 1959, 179.

[34] R. Noll, *Vom Altertum zum Mittelalter*, Katalog der Antikensammlung I, Vienna 1974, 23.


SKOPJE
TARANEŠ
DEBAR
PRILEP
STRUGA
OHRID
BITOLA
A L B A N I J A
G R C I J A

лок. ТАРАНЕШ
с. СЕЛОКУЌИ - ДЕБАРСКО

**Т. I**




1



2




Б.Г. М.М. 1982 г.

T. II



1



2



1



2



3



4

T.IV



1

T.V



T.VII



мерок во Југославија. Сите досега откриени чаши потекнуваат од гробови и се датираат во IV век.

*Вретенестите фиоли* припаѓаат во посебна група на тоалетни шишиња, и исклучиво се наоѓани во скелетни гробови. Нај блиски аналогии наоѓаме кај двата примерока од Добри Дол[36], кај примерокот од Костоперска Карпа[37] (најден со монета на Константин II) како и кај примероците во некрополата на Дукља, кои А. Цермановиќ ги класифицира во тип V/4A[38]. По Ц. Исингс овие тоалетни шишиња припаѓаат на форма 1;5[39], и вообичаени е за времето на IV век.

Интересен наод претставува *комплетот за игра*, кој можел да се користи како за игра duodecim scripta така и за ludus lantriculorum, а се играле на tabula lusoria. Во доцноантичките гробови ретко се наоѓани комплети за игра, а почесто делови на еден комплет (по една калкула, тесер или коцка), како симболична супституција. Карактерот на овие наоди е во колерација со доцноантичките религиозни сфаќања, кои произлегуваат од сотериолошки аспекти на стоицизмот кои го афирмираат фатализмот и немоќта на поединецот да се одбрани од „играта" која е фиксирана во ѕвездите (во боженствениот дом). Директни аналогии наоѓаме кај наодот од Градско Поле[40] кај Ниш.

*Секирата* и *длетото* отстапуваат од останатиот гробен инвентар и по карактерот и по видот на материјалот. Алат ретко се среќава во гробови во доцната антика, и по принцип ваквите гробови се атрибуираат на варваризирано урбано население или на доселениците[41]. Но, се чини дека овој наод не може да се интерпретира во тој правец. Спремни сме да ја прифтиме претпоставката дека се работи за материјал кај има апотропејски карактер како заштитник на просторот на гробот, во смисла каква што имаат асциите на надгробните споменици и во гробовите во раниот царски период[42], или пак дека се работи за материјализиран атрибут на матистрат. Сличен наод среќаваме во доцноантичката некропола на Стоби[43] (гроб. 318).

[35] A. Cermanović-Kuzmanović, *Ein Diatretglas aus Komini* (*Municipium S. . .*), Archaeologia Jugoslavica XV, Beograd 1974, 34 s.; *Резултати археолошких истраживања у селу Комини* (*municipium S. . . .*), Старине Црне Горе књ. VI, Цетиње 1978, 96, сл. 5.;*The Komini Diatretum*, Journal of Glass studies volume 21, Corning 1979, 51—53.

[36] Д. Вучковић-Тодоровић, *op. cit.*, 296, сл. 13.

[37] Необјавено. Материјалот од некрополата се наоѓа во Народниот музеј во Куманово. Податоците добиени со љубезност на Б. Георгиев, за што на ова место му се заблагодарувам.

[38] А. Цермановић-Кузмановић, О. Велимировић—Жижић, Д. Срејовић,

[39] C. Isings, *Roman Glass from Dated Finds*, Groningen/Djakarta 1957, 126

[40] А. Јовановић, *Комплет га игру из гроба са Градског Поља у Нишу* (*IV век*), Нишки зборник 3, Ниш 1977, 131 с.

[41] Р. Ајдић, *Античке некрополе у Нишу*, Нишки зборник 1, Ниш 1976, 39.

[42] М. Васић, *Представа „асције" на надгробним споменицима римске провинције Далмациіје*, Старинар XXVII/1976, Београд 1977, 43 s.

[43] Ж. Винчиќ — М. Ивановски, *Заштитно ископување на античката некропола на Стоби*, во печат (трудот е прочитан на Симпозиумот во Винковци 1981).

Од една страна има хронолошка, а може да се рече дури и функционална хомогеност на гробниот инвентар и целиот фунерарен комплекс, но од друга страна има одредени проблеми поради кои во овој степен на истраженост не можат да се дефинираат. Тие произлегуваат, пред сè од невозможноста на утврдувањето на функцијата на покојникот, неговата положба во хиерархијата на власта и поводот по кој можел да го заслужи ова високо одликување. Можеби, во посреќни околности во идните истражувања ќе се открие некој податок повеќе, пред сè мислиме на надгробниот спомеик кој веројатно постоел. Исто така, занимлив е односот на гробот или меморијата во однос на населбата, бидејќи врз основа на теренските опсервации се чини дека гробот е интрамуријално поставен, што би укажувало на висока положба на инхумираниот покојник. На крај, тоа е важно за разграничување на границата помеѓу провинциите Македонија и Епир во административно-политичка смисла по 8 октомври 314 година, по судобот кај Цибала, доколку може овој пункт да се смета како табулариум, што по топографските индиции најреално изгледа.


SUMMARY

*Milan Ivanovski*: A LATE—ANTIQUE GRAVE FROM TARANESH

In the archeological locality „Taranesh“, v. Selocutchi, in the region of Debar, a grave was discovered in the form a to be rectangular cyst. From the material unearthed, we can date this grave to be from the first half of the IV century A. D. The homogeneouity of the grave inventory shows the high social position of the inhumated deceased.

The grave itself, according to the dimensions and technics of construction, could be included into the group of representative graves with abundance of founds: gold crossbow brooch (T. II, 1) with an inscription, silver yug (T. III, 1), silver-gild bowl (T. IV, 1), silver-gild spur (T. V, 2), silver-gild buckle (t. V, 5), silver-gild ring (T. V, 4), bronze handle (T. V, 6) silver handle (T. V, 3), writting supplies (T. VI, 1), palimpsest (T. VI, 3), writting pen (T. VI, 2), silver spoon (T. VI, 1), diatretum (T. III, 4) toilet-bottles (T. III, 2, 3), game supplies (T. VII, 1—12), iron ax (T. VI, 4), iron chisel (T. VI, 5) and a fragmentary glass cun in the form of a shell.

A detailed description of the found objects is given in the paper.

On one side, there is a chronological (even functional) homogeneonity of the grave inventory and the whole funeral complex, but on the other, there are certain problems which could not be defined from this aspect of investigation. These problems come, most of all, from the impossibility to determinate the social function of the deceased, it social position in the hierarchy of goverment, and the motive for gaining such a high reward. Maybe, under more happier circumstances in the future excavations, some more data will be found (first of all we think on the tombstone which probably existed). It is also interesting to know the relation of the grave towards the settlement, because, based on the observations on the terrain, it is evident that the grave is intramurially constructed which shows the high social position of the inhumated dceased.

Finally, it is important for determininig the frontier between the provinces of Macedonia and Epir, if this regionis to be considered as tabularium, which actually appears more realistic, acaording to the typographic indications.